Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

25 Април, 2025 година

До:
Субјект (назив на институцијата)

Предмет: Известување за одржување јавна презентација и јавна анкета за донесување на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на КП 4825, КП 4826, КП 4827/1, КП 4828/1 и КП 4829/1, КП 4830/1, КП 4831/1, КП 4833/1 и КП 4833/2, КО Табановце, општина Куманово

Почитувани,

Во врска со член 35 став (3) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 95 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 40/25), Ве известуваме за одржување на јавна анкета и јавна презентација за Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на КП 4825, КП 4826, КП 4827/1, КП 4828/1 и КП 4829/1, КП 4830/1, КП 4831/1, КП 4833/1 и КП 4833/2, КО Табановце, општина Куманово.

Опфатот е со површина од 3.28 ха. Источната граница на опфатот е дефинирана со осовината на автопатот А1 (автопат „Пријателство"). Планиран е сообраќаен пристап од автопатот, во правец Табановце – Куманово.
Јавната анкета и јавната презентација по предлогот на Државната урбанистичка планска документација, ќе се спроведе со излагање на планската документација во просториите на општина Куманово, а исто така планската документација е достапна и во информацискиот систем е-урбанизам.

Јавната анкета ќе трае 6 работни дена односно од 14.05.2025 година до 21.05.2025 година. Соопштението за организирање на јавна презентација и јавна анкета е објавено во јавните гласила и во информацискиот систем е-урбанизам.

Јавната презентација со стручно презентирање на планската документација ќе се одржи на ден 16.05.2025 година (петок) во 10:00 часот, во просториите на општина Куманово.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk